БИАТЕН Бр. 2

# 45.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП




04 - 10 ЈУНИ 2010

# ТЕАТАРСКАТА МАГИЈА ОКОЛУ НАС

*Јас сум врсник со Фестивалот. Родени сме истата година. Со театарската магија што ја пренесува. Фала богу, таа била тука и пред мене, во друга форма. Се чини од почетокот ме привлекла.*

*Не дека јас сум или ќе бидам дел од сцената. Јас само сакам да сум во нејзина близина. Да ме обвива, да ми шепоти вљубено, само за мене, да ми појаснува, да ме држи за рака, да ме воведува во непознатото. За да го препознаам потоа во мене. Да ги додадам моите на чувствата и трепетите актерски, режисерски, на сценографите, костимографите, музичарите. Да распознаам како кај нив се раѓала, раснела, кулминирала театарската величенственост.*

*И тогаш, јас да ги додадам моите размислувања, треперења, воодоошевувања, критики, напати несогласувања, замислени преправки.*

*И да остане долго во мене. Како белег што со годините ќе менува облик, можеби постепено да бледнее… Но само да направи место за новиот бран чувстцва, возбуди, лична полемика со креативното што сум го восприемила по секоја претстава.*

*А кој може да ги доброи!?*

*Така е подобро. По години кога пребирам во меморијата, моја и од оние кои ја доживеале со мене, наоѓам нова возбуда. Така е и овој пат. Не можам да речам по 45 пат (меморијата не ми достигнува од раѓањето) но барем 20 ина години. И тоа е корен што трае.*

*Сега, по овие четири фестивалски дена, се уште не се сталожиле во душата сите впечатоци. Ќе треба време да ги изваѓам позитивните и оние помалку впечатливи вибрации.*

*Ги гледам актерите, го вообличиле својот, вплотен со трудот на режисерот, сценографгот, костимографот…. Нивната енергија е силна, влече, тера на расправа и дијалог…. Ми недостасува драматургијата, домашна, нова...*

*Ми треба нејзиниот предизвик.*

*Каде е ?*

*Замислете ја во спрега со младата сила, со мудроста на искусните, со отвореноста на критиката.*

*Тој спој ми треба да ја крене завесата на новото.*

*Ајде…. Фестивалот и јас ке бидеме уште трпеливи во исчекувањето.*

*Со почит,*
*Елизабета Митреска,*
*онаа од бројната публика*

**Чедо Христов** - добитник на наградата за животно дело

# БЕЗ ИМПРОВИЗАЦИИ ВО АКТЕРСТВОТО



Во мојот долг театарски живот од 40 години се движев по сцената што живот значи. сега ова е, нормално, круната, за се што досега сум добивал, разно-разни признанија и награди. Имам соработувано со прилепскиот театар , но главно, како сценограф. Така што, ме врзуваат многу спомени со "Војдан Чернодрински", порано театарски игри, сега македонски театарски фестивал.

Па, нека ми е мене честито и нека ви се Вам честити 45 години. Тоа е веќе историја.

***Театарот тогаш и сега?***

- Па како и во секоја професија , со одредени осцилации постоел. Секогаш постои прашањето: "Како доаѓа до генерациски смени?" Да признаам, има вакуум од неколку години, со релативно посомнителен квалитет се сменувале генерации. И обратно. Сега, за среќа, позитивен доказ е ансамблот на прилепскиот театар. Како да е препороден. И многу успешно го носи театарот на сцената.

***Што носат младите генерации? Нов театар?***

- Природно е да е така . Со радост ги гледам претставите . И син ми Васил Христов дава нова енергија во театарското живеење.

***Дали улогите ги делите на сериозни и комични?***

- Не. Ги делам актерите на сериозни и несериозни. Некои гледаат со импровизација да го поминат работниот век. Други се трудат и го одбираат потешкиот пат кој носи резултати и успех.

Чедо Христов, освен како актер го валоризира и тоа што завршил на отсекот сликарство при Вишата педагошка школа. Тоа не останува залудно, ниту попусто, зашто тој освен како актер паралелно се занимава и со сценографија во повеќе театарски претстави, на повеќе сцени во Македонија. Тоа ќе биде соодветно наградено токму на МТФ "Војдан Чернодрински".

Како актер останува запаметен и препознатлив по својот специфичен баршунат глас, по вештината на психолошкото нијансирање на ликовите и по својот темперамент и специфичност која секогаш умешно ја контролира и ја употребува.

# Г л е д а в м е . . .

Струмички театар НУЦК "Антон Панов"
**“СТРИНДБЕРГ ДОСИЕ”** по ТАТКО од А.Стриндберг
Режисер: Владо Цветановски
Сценографија: Владо Ѓорески - Рафик
Костимографија: Благоја Мицевски
Музика: Ристо Бојаџиев
Видео дизајн: Андреј Цветановски
Играат: Владо Јовановски, Томе Метинов, Ален Нанов, Ангелина Тренчева, Ване Василев, Стојан Велков-Трн, Коста Ангов, Јасмина Вучкова и Кристина Ласкова



# П р е т с т а в а т а . . .

Секој ја чека среќата, а таа не доаѓа. Што е поубаво - господар или питач, го има ли Бог надвор од човекот! Да имаш се, а всушност од ништо да не си задоволен! Вечни дилеми и прашања, кои остануваат отворени како бездната на животот! Има ли спокојство во душата, има ли леснотија, може ли внатрешниот немир да се издржи, да се надмине недовербата, љубомората, да се потврди неверството, да се искорне јансата што го кине срцето. Сето тоа низ видео проекција, со визуелни доловувања на ликовите, со светлосни ефекти. Претстава во која длабоко се понира во темнината на животот, во тешкотијата што го мачи човекот! Впечатлива претстава, со препознатлив режисерски концепт на Владо Цветановски кој ги поставува работите мошне сликовито. Има ли барем дел од секој од нас, кој се поистоветува со автобиографското на Стиндберг?!

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Владо Цветаноски,** режисер:
Секој обид да се направи поместување во медиумот е цел на секоја уметност. И театарот треба да се обидува да ги поместува границите. Постои можност која публиката ја препознава. Размислите на Стриндберг се инспирација погледи на животот, паранои, обидот да се артикулираат низ светот на Едвард Мунг, низ неговите слики. Тоа е симбиоза на нивните заеднички судбини, неволји. Владо Јованоски е Стриндберг, како лик од делата на Мунг. Тоа беше основата на иконографијата. Младите актери се вклопија. Беше задоволство да се работи.

**Ангелина Тренчева,** актер:

- Го играм ликот на Лаура, од "Татко" односно една од трите жени на Стиндберг, односно првата. Се поклопуваат женатата, ќерката, мајката и се тоа што значи во женски род.  Ова не е претстава типично по текстот "Татко" од "Стриндберг, туку има и автобиографско. Тој бил малку болен, сето кај него оди по два, по три пати... Го играме женскиот принцип во мозокот на Стиндберг. Тоа не е класична претстава, немаш класичен лик, почеток и крај. Истражувавме за Стиндберг, кој бил научник, сликар, лош маж, женомрзец. Неговата прва жена го напуштила и станала лезбејка.

**Владо Јовановски,** гостин актер

- Моето чувство е пријатно поради реакцијата на публиката. Култивиранаta прилепска публика знае да го процени убавото, да ги открие естетските вредности, оти располага со критериуми за театарски квалитет. Пубилката посакува различни нешто, поинакви, различно од конвенционалното гледање на театарот. Претставата има повеќе мешања на медиуми. И тоа е една од причините претствата да ѝ се допадне на публиката. Имам неконвенционален одговор за очекувањата за претставата. Или, ако го постават на референдум прашањето за промена на името  Северна Македонија, ќе гласам против.

# П у б л и к а т а . . .

- Многу ми се допадна претставата, која го пренесува светот на еден наш режисер, сериозен свет со кој живее подолго време. Владо Цветановски, во оваа претстава има оставено свој сериозен печат, онака како што се провлекува низ повеќе претстави. Значи, кога ќе ја видите претставата знаете дека е на Владо Цветановски - рече **Роберт Вељановски**, актер.

- Прекрасна сценографија, светлосни ефекти, глума. Ми беше малку напорна и бавна, таков е текстот. Многу ми се смачи од темнината, иако одговараше за претставата, но пречеше - рече **Верица Ацеска**.

- Интересно беше, прв пат гледам ваква претстава. Убаво беше - рече **Пандора Караџоска**.

- Многу ми се допадна претставата, сметам дека она што го бара Стриндберг, а тоа е мисловноста, размислувањата за живот, е преточено на начин кој  е многу ликовен, во својот исказ. Тоа е резултат на извонредното познавање на материјата, на темите кои Стриндберг ги зафаќа во неговиот текст "Татко".  Двајцата, би рекол коавтрои на претставата режисерот Владо Цветановски, и неговиот имењак Владо Ѓоревски, го направиле тоа на најдобар начин - рече **Љубомир Груевски**.

- Ја доживеав повеќе филозофски, како ја опишува бедата на животот, на интересен начин. Ја има премногу во животот, а убавина недосасува - рече **Ана Иваноска**.

# Г л е д а в м е . . .



Народен театар “Војдан Чернодрински”, НУЦК”Марко Цепенков” - Прилеп
**“КАВКАСКИ КРУГ СО КРЕДА”** од Бертол Брехт
Режија: Мартин Кочовски
Превод: Благоја Ивчески
Драматург: Владимир Ѓорѓијоски
Сценографија: Јулијана Војкова - Нојман, Филип Јовановски
Костимографија: Јулијана Војкова - Нојман
Музика: Фолтин (Бранислав Николов, Пеце Трајковски, Гоце Јовановски)
Дизајн на плакат: Филип Јовановски
Играат: Димитар Ѓорѓиевски, Владимир Ѓорѓијоски, Зоран Иваноски, Андон Јованоски, Јасмина Мицовска - Станкоска, Никола Настоски, Наташа Наумоска, Милан Секулоски, Марија Спиркоска - Илијеска, Александар Степанулески, Даниела Стојкоска, Александар Тодески, Игор Трпче, Димитар Црцороски, Виолета Чакарова, Катерина Чакмакоска

# П р е т с т а в а т а . . .

Енергија , младост и комплетен театарски израз понуди претставата на прилепскиот ансамбл. Кавкаски круг со креда од Бертолд Брехт во режија на Мартин Кочовски целосно го привлече вниманието на публиката со сценскиот, сцнографскиот, музичкиот и над се енергичниот настап на 20 членаата екипа. Приказната за војната, битките за парчето земја и за трајните последици што ги оставаат врз луѓето ,се испреплетија со силната енергичност на екипата, тешката сценографија да биде, според режисерската замисла, 21-от актер во претставата. Дваесет и вториот беше музиката на групата Фолтин.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Мартин Кочовски,** режисер

За мене Брехт, кој го поставувам вторпат, е единствениот автор кој има смисла да се работи во денешно време во Македонија. Можеби и пошироко. Оваа екипа со која работам инспирира многу и мислам го дели моето чувство за поетиката, естетиката и филозофијата на Брехт. Актерите, поради тоа, сами си го избраа овој текст. Не беше мој предлог иако кој било текст на Брехт ќе го работев со истата екипа. Без двоумење се согласив.

Ме радува што екипата беше компактна и кога беше во прашање сценографијата. Дури, верувам, дека тие и не чувствуваа дали е таа тешка или не. Целосно беа внесени во играта.

**Никола Настески,** актер

"Кавкаскиот круг со креда" е ментално и физички понапорна претстава од "Тапани во ноќта " што ја работевме заедно со Мартин Кочовски. Така и ја чувствуваме на сцена.  Но, ние сме компактна екипа која функционира уиграно. Се чувствувам многу добро по речиси два ипол часа на сцена.

**Катерина Иваноска,** актер

Предизвик ми беше соработката со режисерот Кочовски  затоа што е прва. Не бев дел од екипата во "Тапаните..." Нормално, чувствував некаква одговорност, повеќе страв, не знаев што да очекувам, но кога влегов во проектот, навистина бев преубаво прифатена од екипата и од режисерот . Во однос на главниот лик што го делиме на шест, прво ми беше чудно, но Матин ни кажа така планира да го прави ликот. Подоцна сфаќавме дека се повеќе има смисла, и дека секоја треба да си го најде своето место во улогата. Прекрасно и незаменливо искуство.

**Александар Степанулески,** актер

Целта беше една енергија која беше создадена, вклопена, да се надгради да продолжи. По два и пол часа на сцена се чувствувам физички испразнето, но духовно исполнето. Верувам и се допадна на публиката

# П у б л и к а т а . . .

**Мирјана Димеска:** Интересна претстава. Ми остави силен впечаток. Единствено, што можеби ми пречеше е нејзиното времетраење. Иако, играта на актерите е доведена до совршенство и целата претстава  има динамика, сепак, мислам дека предолго трае.
**Трајче Стеваноски:** Споредена со "Тапаните….", "Кавкаскиот круг", мислам дека  е претстава во која и режисерот и целиот ансамбал, се обиделе да го надминат она што го постигнаа минатата година.Напати многу жестока, со максимален ангажман и многу енрегија од целата екипа….Ми се допдана, во секој случај…интересен приказ на "тешкиот" Брехт..
**Соња Костадиноска:** Мислам дека оваа претстава бара посебна психолошка подготвеност од гледачот за да може да ја изгледа до крај. Ако не е подготвен за ваков тип театар, тогаш тоа би било мачење…Најмногу ми остави впечаток енергијата на целиот ансамбл со која ја движат претставата, која напати, мислам дека дури има и опасни сцени..

# Г л е д а в м е . . .

НУЦК "Трајко Прокопиев" Театар Куманово
**"НЕ ИГРАЈ НА АНГЛИЧАНИ"** од Владимир Ѓурѓевиќ
Режија: Кирил Петрески
Превод: Григориј Маркоски
Сценографија и избор на костими: Бојан Маневски
Играат: Димитрија Доксевски к.г., Ивица Димитријевиќ и Зоран Иваноски к.г.



# П р е т с т а в а т а . . .

Пасијата, страста, робувањето на најновиот порок, обложувањето, како континуитет, мода на стариот "занает", комарот е приказна за тројцата другари Паун, Буле и Пикси. Оти лесната заработувачка стана култ во земјите во транзиција. Тројцата, во потрага по комотен живот, единствена шанса за подобар живот гледаат во обложувањето. Со лаги, интриги, животот го подредиле на коцката. Јавето на сонот на секој млад човек го наоѓаат во прогнозирањето. Но, битисување не оди без жртви на пасијата. Едниот, наместо парите за лекови за тешко болниот татко, ги прокоцкал. Другиот, наместо авионски билет за сопругата, типува, а на третиот "му висат мадињачата" кај лихварите да го задоволи нагонот, близок на болест. Тројцата актери умешно и вешто држеа "загатка" за расплет повеќе од еден час. Со креациите на своите ликови доловија реалност од нашиот агол, судбини на многу запаленковци во обложувањето. Проткаени дури и со "трева" и "пипкање" по старото пријателство, заробениците се слика-прилика на несреќни младешки авантуристички "деца", чија цел е промашена. Страста деструира морал - доминира инстинктот за комоција без капка труд. Изопаченото време создава луѓе, кои не се обидуваат да се снајдат во традиционалните етички вредности, познати за универзумот. Талкаат во темниот дел од бескрајот.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Кире Петрески,** режисер:

Главната приказна е обложувалницата. Во втор план се судбините на луѓе од транзицијата, со промашени животи, кои единствената забава ја гледаат во обложувалницата. Ним им е финелето “Црвена Ѕвезда - Олимпик” единствениот светол момент во 90-ите. Низ лесна приказна, ликовите минуваат тешки судбини, носени од тројца другари. Текстот го читаме две години. Тројцата соработуваат заедно. Мислам дека направивме добра претстава.

**Зоран Иваноски,** актер:

Ја подготвуваме околу два месеци, додека работев и на "Кавкаскиот круг со креда". Среќен сум што ја прифати публиката, иако ние ја немаме гледано претставата. Секојдневна, сега актуелна тема. Доволно се познаваме, Ивица Димитријевиќ е од мојата класа и имаме работено заедно. Требаше да се видиме една недела да ги направиме сите работи. Како браќа сме, уживавме во процесот. Лесно, пријатно. Се радуваме на реакцијата од публиката.

**Ивица Димитријевиќ,** актер:

Од Куманово сум. Посебно ми е драго, бидејќи две години го "бркавме" овој проект да го работи токму оваа екипа. Текстот го најдов на интернет. Мислевме дека можеме да го играме единствено како што сме се договарале. Ме бендиса актуелноста, не само на обложувалниците, туку како се отвораат сите животни прашања, забележани од публиката и наградени со аплауз на крајот. Ми беше огромна чест и задоволство да работам со мои најдраги колеги. Ова беше финале на фестивалот и мислам дека со претставава одиме натаму. Презадоволен сум од Фестивалот.

**Димитрија Доксевски,** актер:

Вообичаено, како и секоја претстава, го доживеав контактот со публиката. Малку посвечено, бидејќи е фестивалско издание. Драг е аплаузот, како и оној во Куманово. Секој аплауз е драг, а секоја изведба е различна. Тоа е убавината. За тоа работиме. Среќни сме што сме дел од Фестивалот и од театарот. На "Чернодрински" настапував од студентските денови. Денес беше многу убаво, бидејќи направивме претстава со многу драги луѓе, многу колеги во публиката. Со режисерот Кирил Петрески имавме одлична соработка.

## П у б л и к а т а . . .

- Секојдневно случување, но овојпат со подлабоките корени на човечки судбини поврзани со обложувалниците. Интересна претстава - рече **Александар Николоски.**

- Пасија, страс и заднина - непријатности, неволји на обложувачите. Добро направено со малку актери - рече **Илија Мирчески**.

- Многу беше забавно. Особено што се знае ситуацијата со обложувалници. Губењето сé. Има и поука - младите да престанат да одат по обложувалници - рече **Јованчо Цветкоски**.

- Ми се допадна. Атрактивна, современа, ги отсликува сегашниот момент и реалноста на животот - рече **гледач**.

- Кога има добар текст и добри глумци, нормално дека ќе има добра претстава. Човек да ужива во неа - рече **Веселин Петкоски**.

- Убаво беше вметната и состојбата меѓу младите - рече **Александар Василески**.

- Видовме уште една претстава од фестивалот која остави впечаток поради тоа што беше дел од секојдневието, и понесувам убави впечатоци - рече **Катерина Димеска**, претеник.

- Многу добра претстава, изведба, сценографија, режија , комплетно - рече **Светлана Цапеска**.

- Убава, малку комедија - рече **Целе Јованоски**.

# Гледавме . . .

Албански театар - Скопје
**“ГЕНЕРАЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА”** од Исмаил Кадаре
Режија: Дино Мустафиќ
Драматизација: Јетон Незирај
Играа: Бајруш Мјаку, Џевдет Јашари, Адем Карага, Веби Ќерими, Мушерефе Лозана, Адријан Азири, Мерлинда Саити, Гнеци Мирзо, Сабедин Селмани, Теута Ајдини - Јегени, Амернис Нокшиќи-Јовановска, Бесфорт Идризи, Зарие Јонузи, Фисник Зеќири, Блерим Дардишта, Висар Етеми, Емине Кадриу, Дрита Алиу и Хајрулах Рамизи




# Претставата . . .

„ Генерал на мртвата војска„ е многу интересен текст на Исмаил Кадаре, преведен на 37 јазици и игран повеќе пати во театрите, а се снимени и два филма. Ова е четврта драматизација. Текст кој нуди убава можност да се постави на сцената. Роман кој говори за многу интересни теми, актуелни на овие простори во поранешна Југославија. Текст кој зборува за се она што се случуваше во тие години. Тоа умешно го искористил и режисерот Дино Мустафиќ, кој реализирал одлична претстава, со силна актерска игра. И покрај немањето симултан превод, публиката уживаше во претставата. Актерите успеаа да ја доловат суштината на приказната

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Бајруш Мјаку,** актер:

Задоволен сум од бројот на посетители кои дојдоа да ја гледаат претставата. Очекував дека ќе има помалку заради немањето на симултан превод. Задоволство е и чест е да се биде на овој фестивал каде се мери квалитетот на претставите, актерите, сценографите.., каде театрите се прикажуваат во најдобро светло. Многу добро поминавме.
Адем Карага, актер - Долго време ја работевме претставата. Со задоволство. Среќни сме што реализиравме толку голем проект.

Публиката остана задоволна од тоа што прикажавме. Се обидовме многу емоционално да ја пренесеме пораката, имајќи во предвид дека посетителите не го разбира јазикот. Ако имаше симултан превод ќе беше уште повпечатливо. Но, заради мали трехнички проблеми, иако симултаниот превод беше подготвен, не можевме да го изнесеме. И се извинувам на публиката заради тоа. Прилпската публика е најдобра, знае и умее да цени што е квалитет.

**Мушерефе Лозана,** актер:

Не очекував толку добро да ја прифатат претставата. Многу добро поминавме. Играм една многу тешка улога, лик кој треа да ја прифати судбината. Секогаш добро се чувствувам кога сум на Фестивалот ,, Војдан Чернодрински,, на кој имам добиено награда за актер, како и наградата за животно дело. Годинава и фестивалот имаме јубилеј. Тој 45 години, јас 60 откако сум на сцената.Среќна сум поради тоа.

# П у б л и к а т а . . .

Претставата на Албанскиот театар се играше на големата сцена од Домот на културата “Марко Цепенков”. Публиката речиси ја исполни салата со што покажа дека ја интересира да го проследи уметничкото остварување на албанската драма, меѓутоа отсуството на симултан превод на текстот повторно како и лани им оневозможи да го оформат целосниот впечаток за ова театарско остварување. Остана отворено прашањето: Зошто не се регулира симултаниот превод, пред се тоа е од службата на Албанскиот театар, за и најобичниот гледач да ужива во театарската естетика.

Еве ги реакциите на публиката:

- Убаво поставена претстава. Ми се допадна актерската игра иако воопшто не го разбирав текстот ниту говорот на сцена кој требаше да ми го дополни впечатокот. Единствено сфатив дека актерите убаво се движат и се надополнуваат на сцената.
- Немам забелешки на општиот впечаток на сцената - сценографија, актерска игра, но зошто нема превод?
- Некои велат дека уметноста не познава јазик туку е единствена во она што го пренесува, но искрено ми недостасуваше да ги разберам репликите.
- Костимите, сцената, осветлувањето - навистина убаво вклопено од режисерот. Актерите, така да се рече, си ја знаат работата, ама . . . текстот . . .

## Придружна програма . . .

Мал драмски театар - Битола
**"ГРАНИЦА"** од Венко Андоновски
Режија: Софија Ристевска
Костимограф: Благој Мицевски
Играат: Горан Стојаноски, Јасмина Билаловиќ, Никола Тодороски, Јоана Поповска, Борис Чоревски



## Претставата . . .

„Граница„ е претстава која интригира, која предизвикува интерес кај публиката , која се следи во еден здив. Говори за актуелни прашања во општеството. Прашува до каде е нашата граница на трпеливоста, колку ние како луѓе имаме контрола врз нештата што ни се случуваат? Дава одговор дека границата на човекот, поединецот, личноста не смее да биде пречекорена...

**Софија Ристевска,** режисер:

Многу сум задоволна од приемот на претставата. Првпат игравме пред толку публика, оти играме за помал број посетители, најмногу до 20. Но, решивме да ја "отвориме" за повеќе луѓе. Прилепската публика, особено младите се прекрасни. Претставата е крајно интимна, хипер реална. За да се работи камерна претстава потребна е голема посветеност. Ние претставата ја игравме на ЕКСПОНТО во Љубљана каде освоивме втора награда, на "Сараевска зима", во Белград, во Враца, Бугарија. Голем успех постигнавме.

**Јоана Попоска,** актер:

Среќна сум затоа што видов млада публика. театарска, на која сакам да и се заблагодарам за вниманието со кое нé следеше. Ме радува што младите се интересираат за театарот. За нас е храна кога има публика.

**Горан Стојаноски,** актер:

Многу сум задоволен. Задоволството произлегува од концептот. Додека игравме имавме силна концентрација. Сакам да потенцирам дека прилепската публика ни беше најдрага од сите досега пред кои што сме играле. Функциониравме како еден и ние како актери и публиката.

**Јасмина Билаловиќ,** актер:

Одлично поминавме. Публиката дишеше со претствата. Сакам да работам за независна сцена.

## Публиката . . .

- Многу интересна претстава. Модерна,која ги опфаќа суштинските елементи на денешниот живот.
- Одлична претстава. Штета што не е во официјална конкуренција.
- Многу добра претстава, одлична актерска екипа. Како што видов и прочитав претходно, заслужено добила награди надвор од Македонија

## П р и д р у ж н а  п р о г р а м а . . .

Дипломска претстава на студентите при актерска игра на ФДУ во класта на проф. Кирил Ристески и доц. Зоја Бузалкоска
**"ГНЕВ"**- Стивен Кинг

## П р е т с т а в а т а . . .

Гневот како своевиден израз на длабокиот внатрешен немир, прикажан низ суптилната и енергична игра на целата екипа млади актери, доловува еден момент на актуелност во дадениот општествен миг. Иако, претставта делува малку повеќе "американизирана", сепак, таа комуницира со публиката за целото време на нејзиното времетраење од два часа. Актерите, преку своите реплики, имаа можност да го покажат сето свое стекнато знаење по акатерска игра.

**Александар Степанулески,** студент- актер:

Оваа претстава беше врвот, круната на нашето четиригодишно школување. Мислам дека и публиката беше задоволна од она што го доби од нас. А, лично јас, во оваа претстава, вечерва се чувствував многу убаво, бидејќи си бев свој на своето, си играв на матичнта сцена, што ми даде поттик да го извлечам максимумот од себе...

## П у б л и к а т а . . .

- Убаво осмислено и спакувано театарско дејство. Актерите, иако млади, се покажаа како вистински професионалци. Можеби и затоа претставата, и покрај времетраењето од два часа, беше гледлива и имаше одлична комуникација со публиката - рече **Виолета Азманоска**

### НОВА ТЕАТАРСКА СЦЕНА . . .



**Мал драмски театар Битола,** се роди како резултат на големата желба да се продуцираат претстави кои ќе го потенцира најважниот момент во театарското творештво - актерската игра, како и специфичните простори во кои што таа се создава - вели **Благоја Стефановски**.

Според него големината на една претстава се согледува во нејзините уметнички квалитети, иновациите што ги содржи, како и во нејзиното кореспондирање со проблемите на денешницата.

Големината не се мери со финансиската инвестиција во претставата. Токму поради тоа, наша цел е да откриваме нови простори во кои што ќе се случуваат интересни, моќни претстави кои обработуваат проблеми од современото живеење. Тенденцијата за стимулирање на ваков тип на театар е силно присутна низ Европа. Во таа насока Мал драмски театар Битола е придонес кон современите театарски движења - вели Стефановски.

Трибина: **"МУЛТИМЕДИЈАЛНИТЕ ЕФЕКТИ КАКО ЕСТЕТСКО-СИСТЕМСКА НАДГРАДБА ВО ТЕАТАРОТ"**
Модератор: **Ѓорѓи Јолевски**

- Сакаме да отвориме теми кои не засегаат нас заедно. Во една професионална стручна дебата да дојдеме до сознание, творечки да се расправаме и на крајот да се сакаме. Посочената тема од поодамна сакав да ја поставам, рече воведувајќи не во темата Петар Темелковски, уметничкиот директор на МТФ"Војдан Чернодрински".



**Ѓорѓи Јолески,** медијатор

"Оваа тема е наше секојдневие. Темата театар и медија е погодена. Во својот код театарот е мултимедијален концепт. Тука е текстот, музиката, тука е интеракцијата: актерот во комуникација со публиката. Во 21 век, во ова време во кое живееме, едноставно не можеме да преживееме без овие елементи. Некако изгледа дека театарот станува сиромашен доколку нема видна визуелизација. Како автор сакав во една моја претстава да ги испровоцирам сите сетила. Во моментот кога играм во претставите снимив материјал, како принцип на работа, а од друга страна сакав да видам дали фалеше нешто. Се одлучив во една моја претстава да направам документарец, што беше врзивно ткиво што се случуваше на сцената. На овој начин мултимедијалноста ја ставив во функција на сцената. Така ја создадов претставата. Она што се случуваше на сцената беше борбата на актерот, а со документарецот беше реалност. Тоа функционираше за мене на совршен начин.

Вториот дел, како актер во претстави со мултимедијалност, беше работата врз Ојдип, според текст на Славенски. Претстава која ми даде голема возбуда играјќи во интересна претстава. Бев ставен во ситуација да бидам роб на технологијата, како актер, да бидам споен со кабли, ласери, да имам програма што треба да ја реализирам и сето тоа да биде веродостојно. Актерот мораше да создава од ништо, да создаде човек или надчовек. Мултимедијалноста е некаков вид покриетие. Сметајќи дека визуленото е доволно само во себе, уметникот се крие зад тие елементи. Театарот е нашата суштина. Театарот е лице на системот во кој живееме. Во времето кога се случи атомската бомба тогаш се роди една нова театарска естетика, која зборува за состојбата на човекот што ги трпи последиците од таа состојба. Како авторот ќе го искористи тој елемент тоа е исклучително субјективно право на уметникот. Методи Чепреганов вели дека уметникот е возвишено суштество кое оди на тенкиот раб меѓу реалноста и мистиката. Одејќи по линијата може лесно да се лизне и да не се врати... Жалам што во театарот нема крупен план. Тој крупен план се достигнува само со голема емоција, со голема тишина,со елементот на Питер Брук. "

**Слободан Деспотовски,** режисер

" Техниката на човекот во приватниот живот треба да му служи, а не обратно човекот на техниката. Исто е и во театарот. Ако приказната што се раскажува е само со техника, нема театар, тоа е спектакл. Театарот е актерот, драматургот, режисерот кои треба да раскажат една приказна. Техниката треба да му помага во тоа".

**Маја Стефановиќ,** драматург

Мултимедијалноста во театарот се гледа на различни нивоа и структури. Во структурата на текстот има влијанија кои се двонасочни. На ниво на драматургија, на самата претстава, каде видео материјалот ја обезбедува драматуршката рамка за мене е многу интересно. Ако јазикот е основата, а се друго е помошно, доаѓаме до тргање на текстот како наративност. Во оваа смисла употребата на мултимедијалноста е интересна, како елемент што гради нов театарски јазик. Една приказна може да се расажува на различни начини. Надградабата како дел од знаковниот систем е добра. Нешто кое што е интересно, дојдено од светот, ја пополнува претставата и атакува врз сетила, како шарена лажга. Тоа не е нужно.

**Бобан Григориевиќ** од Ниш:

- Ниедна добра претстава не излегла со концептот на мултимедијалност. Сите одлични претстави се класични, театарски. За среќа. Мислам дека кога режисерите употребуваат мултимедијалност, тоа е поради недостатокот на нивната идеја, отуѓување на човекот од човек. Театарот постои долго и мултимедијалноста е неуспешен експеримент во театарот".

**Наташа Колевска,** драматург од Воениот театар од Софија:

"Технологиите се развиваат. Сите ги употребуваат. Ги употребуваат, но сите не знаат како. Некои ги прават генијално, за други тоа не е јазик на кој можат да направат театар. Театарот освен текст, наративност праќа порака до публиката. Од гледна точка на тоа, театарот прави се да ја привлече публиката. Но тоа треба да го направи добро. Мултимедијалноста помага многу во тие изрази, но се зависи кој може да ја употреби и како".

**Љупчо Печијарески,** професор:

- Театарот е онтос на човековото постоење. Тука нема проблем, грижа. Затоа што она што го носи театарот, кога го набљудуваме од аспект на човекот, е постар, внесено е внатре во антрополошката основа на човекот. Театарот е брана која ќе го држи човекот од притисокот на електронскиот код.

**Нурула Тунџар,** уметнички директор на Градскиот театар од Истанбул.

"Некои мултимедијалноста ја сфаќаат како непријател, но не треба така да гледаат. Мултимедијалните ефекти треба да се употребуваат, но да бидат алатка во театарот. Ограничувањата треба да бидат прецизни. Мултимедијалноста треба да го воздигне театарот. Театарот треба да ги прима мултимедијалните средства и да ги враќа кон гледачот. Се додека има квалитет тоа е добро".

**Игор Трпче,** актер

- Мултимедијалноста не е ризик. Треба да се бараат нови форми. Она што е важно е дека треба да се разговара за идеите. Преку разговор ќе можеме да одиме напред.

**Влатко Ѓорѓијоски,** актер:

"Мултимедијалноста е нужна во современиот свет. Во Македонија ризик е да се користи мултимедијалноста поради ограничените технички можности. Ние користиме само дел. Ќе дојде и тоа кај нас. Ние диригираме каде ќе одиме. Мултимедијалноста можеби апсолутно е непотребна, но корисна. Со прилепските претстави публиката ја навикнавме на новини

**Артан Садики,** гледач:

- Многу е важен начинот на кој мултимедијалните ефекти се внесуваат во театарот. Потребна е добра комуникација, со две динамики. Кога односот на динамиките е решен тогаш е добро, ако не тогаш мултимедијалноста е еднонасочна. Не ги прифаќам гледиштата дека мултиемдијалноста треба да остане надвор од театарот. Таа треба да влезе во театрот, но да се реши динамиката.

## МЛАДИТЕ АКТЕРИ - НОВАТА ЕНЕРГИЈА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ТЕАТРИ

**Никола Настоски**, млад актер

# СЕКОЈА ГЕНЕРАЦИЈА НОСИ СВОЈ ТЕАТАР

***Се чувствува силата, енергијата на младите актери во македонските театри. Дали тоа значи дека се следат нови правци?***

-Мислам дека тоа пред се зависи од режисерот. Но, добро е што им се дава шансата на младите актери. Ние, сепак, носиме, малку поинаков театар од оној кој се негуваше порано. Се трудиме да направиме некои нови форми, да го прикажеме театарот онака како што ние го чувствуваме. Се надеваме дека публиката тоа добро го прифаќа и дека постарите ќе ни даваат шанси на сцената да направиме онака како што најдобро знаеме.

***Ти штотуку дипломира, но си со искуство. Значајно е последното со "Тапаните во ноќта". Освен во Брехт, каква улога посакуваш?***

-Пред три дена го положив последниот испит и дипломирав. Немам посебно што би сакал да играм. Сакам, буквално, се да играм. Секаква шанса што ќе ми се даде, ќе ја прифатам. И статист да ми дадат, и тоа ќе играм. Само да играм на сцена.

***На што им "завидуваш" на доајените ?***

- Им завидувам на искуството . Невозможно е млад актер да е со огромно искуство. Останува само да го преземаме најдоброто од нив.

***Дали младите актери тежнеат кон некој постмодернизам во театрите?***

Мислам дека е така. Постмодернизам со реалистички примеси, ако може така да се каже. Постмодернизмот е неминовен. Секоја генерација носи свој тип на театар. Ова е нашиот тип на театар.



# А Т М О С Ф Е Р А . . .

Центарот за култура "Марко Цепенков" е подготвен како вистински домаќин за 45-то издание на МТФ "Војдан Чернодрински".



Комплетно ги уредивме просториите во внатрешноста на Центарот и ги задоволуваат условите за непречено одвивање на претставите и да ги пречека гостите. Исто така е и во народниот театар Војдан Чернодрински. Театарот е во фаза на реновирање. Првиот кат е веќе завршен така што актерите непречено може да ги користат гардеробите . Горниот кат кој никому не е потребен дополнително по Фестивалот ќе се уредува, вели **Тони Чатлески** директор на ЦК "Марко Цепенков".

Во секој случај сека условите за работа за актерите и за сите во театарот полека стануваат пристојни.




Уредена е и летната сцена на Домот на културата ( задниот дел) За културни манифестации и за дружење.

Локалната самоуправа го уредува и предниот дел на домот. Тука е и патеката на славните. Покрај другите засужни прилепчани се и имињата на доајените на македонското глумиште: Нада Гешоска, Илија Џувалекоски на Илија Милчин.

- На гостите им посакувам да си поминат пријатно на Фестивалот. Да ги следат претставите. Има што да се види. Има и забава за сите. Публиката верувам ќе ужива во претставите.

Театарот "Војдан Чернодрински" полека добива нов лик. Уредени се старите гримиорни, санитарните јазли, сцената. Сега глумците имаат убави услови за да се подготват за претставата. Ново си е ново нели!?





Техничката служба на Центарот вредно работи. Ги поставува сценографиите на претставите. За се да биде во најдобар ред. Ги "фативме" кога земаа здив, откако ефикасно ја завршија работата. Велат не им е тешко. Секогаш подготвени за предизвик.





Покрај за работа има место и за забава на Фестивалот. Додека жирито е на задача и не смее "да мрдне" од столчето пред сцената, сите други може слободно да се забавуваат.

Па, добро, по претставите може и да пивнат нешто во бифето и да пуштат срце пред прекрасните, блуз, џез звуци.

Само да не се претера.

# Ќ Е Г Л Е Д А Т Е

ПОНЕДЕЛНИК, 07.06.2010

19.30 часот - Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"ЖЕНАТА КАКО ВОЕНО ПОЛЕ"** од Матеј Висниек, режија Владлен Александров
Драмски театар

22.00 часот - Сцена НТ"Војдан Чернодрински"
**"БАХАНАЛИИ"** од Горан Стефановски, режија Наташа Поплавска
Велешки театар

24.00 часот- Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"ПЛЕЈ БЕКЕТ"**- дипломска претстава на студентите по актерска игра на ЕСРА Скопје во класата на Ѓорѓи Јолевски

ВТОРНИК, 08.06.2010

12.00 часот - Сцена 105
Трибина:
**"150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЧЕХОВ"**
Модератор:Блаже Миневски

19.30 часот - Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА"**, од Стриндберг, во режија на Александар Попоски
Турски театар

22.00 часот - Сцена НТ"Војдан Чернодрински"
**"БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ"**, од Дејан Дуковски, режија Стојан Стојановски
Штипски театар

24.00 -Сцена - во дворот од црквата Св. Никола, Варош
**"БУДЕЊЕ НА АНГЕЛИТЕ"** режија С. Чичевска
Театар "Скрб и утеха"

СРЕДА, 09.06.2010

12.00 часот - Сцена 105
Трибина: **"СУШТИНАТА НА ТЕАТАРОТ"**
Модератор: Бранко Ставрев

19.30 часот - Сцена 105
**"СО ВКУС НА ОВОШЕН СЛАДОЛЕД"**, од Кацаров, режија: Владлен Александров
Драмски куклен театар Пазарџик, Р. Бугарија

22.00 - Сцена ЦК"Марко Цепенков"
**"БРАЌА КАРАМАЗОВИ"** од Достоевски, режија: Дејан Пројковски
Битолски театар

24.00 - Сцена НТ"Војдан Чернодрински"
**"www. Норвешка. denes. com"**, режија Зоја Буалковска
Албански театар

45. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - НТ Ј.Х.К. Џинот - Велес
Брано Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Бесфорт Идризи - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски тетар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади - Скопје
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Петар Мирчевски - Член
Роберт Павлевски - Член
Бесфорт Идризи - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Слободан Деспотовски
Братислав Димитров
Мустафа Јашар

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

Билтен на 45. МТФ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@t-home.mk
www.mtf.com.mk